АФПЗРР

АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

# ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ФРАНЦУСКАТА ПЛАТЕЖНА АГЕНЦИЈА



Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, г-дин Тони Димовски, неговиот француски колега Директорот на Агенцијата за услуги и плаќања, г-дин Едвард Жоса, заедно со г-ѓа Силвиа Хубин Дедени од Национална установа за производите од земјоделството и морето од Република Франција, вчера во Париз, потпишаа протокол за партнерство.

Потпишаниот протокол претставува продолжување на соработката која беше воспоставена минатата година.

Со протоколот за партнерство се дефинираат меѓусебните односи помеѓу страните во областа на управувањето со пазарите на земјоделските производи, директна помош за земјоделците и мерките за рурален развој, како и во областа на административната организација.

Со овој трилатерален протокол воедно се регулира размената на информации поврзани со економските перспективи за развој, како и стручна соработка во доменот на имплементација на мерките за директни плаќања во земјоделството, размена на искуство во областа на руралниот развој во Р.Македонија и Р.Франција, културна, едукативна, научна и техничка соработка.



Протоколот воедно е во функција на продлабочување на соработката во областа на финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој и пристапување на Република Македонија кон Европската Унија.

Соработката континуирано ќе се одвива преку взаемни посети и средби со Француската платежна Агенција, но и останатите институции од Република Франција.